Врз основа на член 39 став (3) од Законот за наставниците и стручните соработници во основните и во средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), министерката за образование и наука донесе

ПРАВИЛНИК
за изменување на Правилникот за норматив за стручните соработници во основно односно средно образование

Член 1

Во Правилникот за норматив за видот на образованието на стручните соработници во основно односно средно образование бр. 18-14026/1 од 18.11.2022 година и бр. 18-9524/4 од 23.07.2026 година, членот 7 се менува и гласи:

„Стручен соработник библиотекар во основно и средно образование може да биде лице:

- дипломиран библиотекар со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации,
- со соодветни студии на факултет со наставна насока со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации,
- со соодветно високо образование согласно нормативите во наставните програми, со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации и со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана установа од Министерството за образование и наука или
- со високо образование од областа на јазиците со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или VII 1 степен односно VI А ниво од Македонската рамка на високообразовни квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации и со стекната педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана установа од Министерството за образование и наука. “

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Министерка за образование и наука,
проф. д-р Весна Јаневска, с.р.

Бр. 18-13777/2
05.11.2026 година